| **Училишна клима и односи во училиштето;** | Имиџот на нашето училиште е на високо ниво. Угледот се гради преку реализирање на квалитетна настава, организирање разновидни вонннаставни активности, Училиштето има своја химна.<br><br>Постојат повеќе кодекси што се однесуваат на сите субјекти во нашето училиште: Кодекс за однесување на воспитно – образовниот кадар, Кодекс за однесување на учениците и Кодекс за однесување на родителите. Сега бидејќи имаме состојба со пандемија од корона вирусот, учениците од прво до трето одделение и учениците во подрачните училишта посетуваат настава со физичко присуство и за истите има пропишано Кодекси на однесување на учениците, на родителите и на наставниците. Има и Кодекс на однесување за учениците при реализација на настава од далечина за останатите ученици кои наставата ја следат онлајн. Исто така, училиштето има Куќен ред, со кој се запознаваат учениците и родителите на првата родителска средба во почетокот од секоја учебна година и истиот е истакнат на видни места во училиштето Постои почитување и взаемна соработка меѓу наставниците , учениците и наставниците, и помеѓу учениците без разлика на пол, вера и способности. Се почитува кодексот на однесување од страна на наставниците, техничкиот персонал и учениците.<br><br>Училишната клима се гради врз основа на водење конструктивен професионален дијалог помеѓу вработените и градење позитивни односи на релација „наставник – ученик“, „наставник – родител“ и „ученик – ученик“. Во донесувањето одлуки за училиштето учествуваат и имаат влијание директорот, наставниците, стручните соработници, родителите и другиот кадар. Вработените имаат доверба еден во друг, градат добри професионални | - Кодекс за однесување на воспитно – образовниот кадар;<br><br>- Кодекс за однесување на учениците;<br><br>- Кодекс за однесување на родителите;<br><br>- Дневник на паралелка;<br><br>- Полугодишни и годишни извештаи на училиштето;<br><br>- Правилник за видовите пофалби, награди и педагошки |

| | | |
|---|---|---|
| | наградуваат со дипломи и награди кои свечено се доделуваат. Континуирано се следи напредокот на учениците од страна на наставниците, се дава поддршка на надарените ученици и талентираните ученици, а истите учествуваат на училишни, општински, регионални и државни натпревари. Учениците и наставниците без разлика на полот горди се на постигнатите резултати како во наставата така и во воннаставните активности: бројни награди и освоени места на општински, републички, државни натпревари. Во интерес на учениците и афирмирање на училиштето наставниците ги подготвуваат учениците за учество на натпревари, а за постигнатиот успех добиваат сертификати за наставници ментори, кои ги приложуваат во своето професионално досие.<br><br>За да ги промовира личните постигања на сите ученици (момчиња и девојчиња) како и учениците со послаби способности за учење училиштето издава училишен весник во кој учениците активно учествуваат со своите лични творби, награди, постигања и сл.<br><br>Родителите на учениците се запознати се жалбените постапки (жалба за неправилно оценување, намалено поведение, и слично). За жалбените постапки, родителите се информираат преку општи родителски средби, Совет на родители и индивидуални средби со раководителите на паралелките или со стручната служба. Родителите се вклучени во животот на училиштето на различни начини. Тие учествуваат во индивидуални и групни родителски средби, разговори со стручната служба со нивни предлози и сугестии за следење на напредокот на нивните деца и увид за постигањата на изработките на учениците преку ученичките досиеја. Советот на родители преку својата програма за работа учествува во планирањето на екскурзиите, изборот на фирмата за исхрана на децата, се грижи за подобрување на условите за живот и поуспешно работење на учениците во училиштето. Училиштето преку локалната средина учествува на различни манифестации, се врши промоција на средните училишта за учениците од 9 одделение и се организира посета на промоции на различни средни училишта. Локалните власти и училиштето имаат взаемна соработка. Има инсталирано 24 часовен интернет во нашето училиште кој можат да го користат како наставниците така и учениците во текот на целиот работен ден. Учениците се безбедни при престој во нашето училиште. Безбедноста на учениците се регулира со дежурства на наставниците пред почетокот на наставата, за време на малите и големите одмори и по завршување на наставата. Учениците учествуваат во решавање на проблеми и | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | наградени ученици, изложени ученички трудови во училишниот хол и во училниците). | - Пофалници, дипломи, награди |
| **Анкета за наставници** | Членови на тимот | Од спроведената анкета за 11 наставници се дојде до сознание дека постои почитување и взаемна соработка меѓу наставниците и меѓу наставниците и учениците, односно 45,5% од наставниците одговориле дека во целост е така, а 54,5% одговориле дека многу е така. Дека постои взаемно почитување меѓу наставниците и учениците се потврди и од интервјуто со учениците. Исто така се дојде до сознание дека училишната работна атмосфера е на високо ниво, со тоа што 73% од наставниците сметаат дека во целост е така, а 27% сметаат дека многу е така. Училишната клима може да се подобри доколку во училиштето постои разгласна станица преку која навремено ќе бидат информирани сите партиципиенти во училиштето за сите случувања во истото, истата би служела и за подобрување на расположението во текот на одморите. | |
| **Анкета со ученици** | | Од интервјуто со 13 ученици од 7, 8 и 9 одделение дојдовме до сознание дека постои взаемно почитување, соработка, дружење и помагање. Постои почитување и взаемна соработка и меѓу самите ученици без разлика на пол, национална припадност и вера, односно 61.5% од испитаниците одговориле дека во целост е така, 30.8% одговориле дека многу е така, а само 7,7% одговориле дека малку е така. Наставниците не ги делат учениците според пол, вера и етничка припадност. Тоа може да се види и од анкетата со учениците каде сите испитаници или 100% одговориле дека во целост е така. Училиштето обезбедува фер услови и позитивна клима за организирање на училишни натпревари. На ова 38,5% одговориле дека во целост е така, 38,5% дека многу е така и 23% одговориле дека малку е така.<br><br>Меѓу учениците со различни способности и учениците со различни пречки во умствениот и физичкиот развој постои почитување, другарување и помагање. На ова 84,6% од учениците одговориле дека во целост е така, а 15,4% дека многу е | |

| Индикатори за квалитет | Констатирана состојба ( кои информации се собрани) | Извори на податоци |
|---|---|---|
| **Еднаквост и правичност** | Сите вработени во училиштето, учениците и родителите за запознати со правата на децата. Некои наставни предмети (Час на одделенската заедница – Програма: Образование за животни вештини) третираат проблематика поврзана со еднаквост и правичност. Наставниците ги почитуваат принципите на еднаквост и правичност во однос на сите ученици. Училиштето постојано работи на создавање позитивна клима преку различни слогани истакнати во училиштето, реализација на теми на одделенски часови и презентации на стручни активи на таа тематика. Во училиштето имаме ученици со различни психофизички способности, како и ученици со пречки во развојот. Истите многу добро се прифатени, како од наставниците, така и од соучениците. Училиштето постојано се труди да обезбеди здрава клима меѓу учениците и меѓу наставниците без разлика на пол, етничка припадност или различност во способностите низ секојдневната редовна настава.<br>Во училиштето добро е прифатен и се промовира мултикултурализмот преку проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието. Училиштето позитивно ја промовира етничката, културната и верската различност во училиштето и заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без разлика на која етничка група припаѓаат. На ова прашање 81,8% од наставниците одговориле дека во целост е така, а 18,2% дека многу е така. Во училиштето редовно се реализираат воспитни теми од оваа област, а исто така се организираат и активности кои обезбедуваат меѓуетничка соработка на учениците и вработените. Нашето училиште е збратимено со основното училиште „Толи Зордимус"- Куманово, но веќе подолго време немаат организирано заеднички активности. | -Годишна програма на училиштето;<br>-Годишно планирање за наставните предмети – образование за животни вештини и граѓанско образование;<br>- Дневник на паралелката;<br>- Записници од Одделенски и Наставнички совети; |
| **Партнерски однос со родителите и со локалната заедница** | Во Годишната програма за работа на училиштето има Програма за соработка со родителите и Програма за соработка со локалната средина. Советот на родители и Училишниот одбор има свои деловници за работа. Преку Советот на родители, родителите се вклучени во работата на училиштето кој работи со своја програма, при што родителите се информираат за училишните активности во текот на годината, даваат предлози, мислење и сугестии за подобрување на воспитно-образовната работа. Исто така, родителите имаат свои претставници во Училишен одбор и на тој начин се вклучени во | -Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Програма за соработка со родителите;<br>- Програма за |

**Слаби страни:**
Училиштето со партнер училиштето ОУ „Толи Зордимус“- Куманово немаат заеднички активности. Училиштето е во процес на барање на ново партнер училиште, но поради настанатата состојба со вирусот COVID 19 процесот е ставен во мирување.

# Подрачје на вреднување - Ресурси

| | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 6.1 | Сместување и просторни капацитети | *Просторни услови<br>*Искористеност на просторните капацитети |
| 6.2 | Наставни средства и материјали | *Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>*Училишна библиотека<br>*Потрошен материјал |
| 6.3 | Обезбедување на потребниот наставен кадар | *Број на вработени и соодноС на наставничкот кадар<br>*Ефективност и распредување на кадарот<br>*Стручната служба како подршка на наставничкиот кадар |
| 6.4 | Следење на развојните потреби на наставничкиот кадар | *Професионален и кариерен развој на наставниците |
| 6.5 | Финансиско работење на училиштето | *Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>*Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |

**1.1.1 Табела со општи податоци ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ СТАМЕР**

| ПОДАТОЦИ | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ„Св.Климент Охридски" Делчево Подрачно училиште Стамер |
| Адреса,место,општина | с. Стамер |
| Основано од | Влада на Република Македонија |
| Година на изградба | 1949 |
| Вид на градба | тврда |
| Внатрешна површина на училиштето м2 | 196 |
| Училишен двор м2 | 2450 |
| Начин на загревање на училиштето | огревно дрво |
| Училиштето работи во смени | едносменско работење |
| Број на паралелки | 5 |
| Број на комбинирани паралелки | 2 |
| Јазик на кој се реализира наставата во училиштето | македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за учениците со посебни образовни потреби | нема |
| Во основното училиште има паралелки од музичкото училиште | Нема |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Нема |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | Нема |

**1.1.3 Табела со општи податоци ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ ГРАД**

| ПОДАТОЦИ | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ„Св.Климент Охридски“ Делчево, Подрачно училиште Град |
| Адреса,место,општина | с.Град |
| Година на изградба | 1-1924 година, 2-1974 година |
| Вид на градба | Тврда |
| Внатрешна површина на училиштето м2 | 631 м2 без спортска сала 72 м2 |
| Училишен двор м2 | 6900 м2 |
| Површини на спортски терени и игралишта | мал фудбал,кошарка |
| Начин на загревање на училиштето | огревно дрво |
| Училиштето работи во смени | едносменско работење |
| Број на паралелки | 9 |
| Број на комбинирани паралелки | 2 |
| Јазик на кој се реализира наставата во училиштето | македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за учениците со посебни образовни потреби | Нема |
| Во основното училиште има паралелки од музичкото училиште | Нема |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Нема |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | Нема |

**1.1.5 Табела со општи податоци ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ РАЗЛОВЦИ**

| ПОДАТОЦИ | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ„Св.Климент Охридски“ Делчево ,Подрачно училиште Разловци |
| Адреса,место,општина | с.Разловци |
| Година на изградба | 1956 |
| Вид на градба | Тврда |
| Внатрешна површина на училиштето м2 | 801 м2 без спортска сала (93 м2) |
| Училишен двор м2 | 5600 м2 |
| Површини на спортски терени и игралишта | мал фудбал,кошарка |
| Начин на загревање на училиштето | огревно дрво |
| Училиштето работи во смени | едносменско работење |
| Број на паралелки | 9 |
| Број на комбинирани паралелки | 1 |
| Јазик на кој се реализира наставата во училиштето | македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за учениците со посебни образовни потреби | Нема |
| Во основното училиште има паралелки од музичкото училиште | Нема |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Нема |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | Нема |

***Податоци за училишниот простор- Искористеност на просторните капацитети**

| | |
|---|---|
| **Вкупенбројнаучилишни згради** | 6 |
| **Бројнаподрачни училишта** | 5 |
| **Бруто површина** | 5405 м2 |
| **Нето површина** | 34404м2 |
| **Бројнаспортскитерени** | 770 м2 |
| **Бројнакатови** | 2 |
| **Бројнаучилници** | 60 |
| **Бројнапомошни простории** | 17 |
| **Училишнабиблиотека,медијатека** | 4 |
| **Училници за ученици со посебни образовни потреби** | 5 |

*** **Подрачно училиште Стамер**

| Просторија | Вкупен број | Површина | Состојба (се оценува од 1 до 5 ,согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории,реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 3 | на целата училишна зграда површината е 196 м2 | 3 | промена на подот во целата зграда |
| Кабинети | / | / | / | промена на прозорци во одредени простории |
| Библиотека | / | / | / | / |
| Медијатека | / | / | / | / |
| Читална | / | / | / | / |
| Спортска сала | / | / | / | / |
| Канцеларии | 1 | / | 3 | промена на канцелариски мебел |
| Училишен двор | 1 | 2450 м2 | 3 | потреба од ограда |
| Заеднички простор за прослави | / | / | / | / |
| Кујна | / | / | / | / |
| Трпезарија | / | / | / | / |
| Отворен спортски терен за мал фудбал | 1 | / | 3 | гребење на стар асфалт и ставање на нов слој асфалт и обележување на спортските терени |

****** Подрачно училиште Град**

| Просторија | Вкупен број | Површина | Состојба (се оценува од 1 до 5 ,согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории,реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 4 | 631 м2 вкупна површина на двете училишни згради | 3 | промена на кровот на училишната зграда , замена на азбестни плочи со лимена кровна конструкција,промена на подот во училниците и кабинетите и наставничката канцеларија |
| Кабинети | 4 | / | 3 | / |
| Библиотека | 1 | / | 3 | / |
| Медијатека | / | / | / | / |
| Читална | / | / | / | / |
| Спортска сала | 1 | 72 м2 | 3 | / |
| Канцеларии | 2 | / | 3 | / |
| Училишен двор | 1 | 6900 м2 | / | / |
| Заеднички простор за прослави | / | / | / | / |
| Кујна | / | / | / | / |
| Трпезарија | / | / | / | / |
| Отворени спортски тереми | Мал фудбали,кошарка | / | / | / |

****** Подрачно училиште Разловци**

| Просторија | Вкупен број | Површина | Состојба (се оценува од 1 до 5 ,согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории,реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 5 | 801 м2 | 3 | промена на кровот на училишната зграда , замена на азбестни плочи со лимена кровна конструкција |
| Кабинети | 4 | / | 3 | / |
| Библиотека | 1 | / | 3 | / |
| Медијатека | / | / | / | / |
| Читална | / | / | / | / |
| Спортска сала | 1 | 93м2 | 3 | / |
| Канцеларии | 1 | / | / | / |
| Училишен двор | 1 | 5600м2 | 3 | / |
| Заеднички простор за прослави | / | / | / | / |
| Кујна | / | / | / | / |
| Трпезарија | / | / | | / |
| Отворени спортски терени | мал фудбал,кошарка | / | 3 | гребење на стар асфалт и ставање на нов слој асфалт и обележување на спортските терени |

## 6.2 Наставни средстваи материјали

### 6.2а Централно училиште Делчево

| Наставен предмет (одделенска и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| Спортска сала | разглас со звучници ,касетофон 1,топки 30,душек 22,греди 3, шведски сандак 3,коњ со рачки 1,разбој 2,јарци 3,отскочна даска 3,пластични помагала 3,кошови 4,стативи 2,карики 1,мали голови 2,семафор,табла,микрофон 1,звучници 4 јажиња за качување, вага 2,пинг понг маса 2,обрачи 16,даски за вежбање 1,скалила за вежбање 10, мали чуњеви 20,големи 20,мрежа за голови4,мрежа за одбојка 2,за кошарка, 2 медицинки 8, кугли 2, мали рипстоли 2,заштитни мрежи 2,спирометар 1,рекети за пинг понг 2,мрежа за пинг понг 2,шах 12,топки кожени 2,јаже за прескок 10 | топки за мал фудбал,кошарка, ракомет |
| Музичко образование,Ликовно образование | клавир 1, систем 1, виолини 4, мандолини 4 | маси за цртање, музички системи, нагледни средства (постери), ДМИ |
| Географија, Историја, Граѓанско образование | глобус 3,лаптоп,прожектор 5,макета 3,сталак за карти 2,платно за прожектор,географски атлас 1<br>историски карти 7,географски карти 3, геометриски тела 2,сончев ситем 1 | ИСТОРИСКИ КАРТИ, релјефни пластифи цирани карти на Македонија и Европа, Компас, Бусола, телескопи, Устав на Република Северна Македонија |
| Биологија , Хемија, Природни науки | микроскоп 3,микроскоп дигитален,модели на внатрешни органи,постери 22,лупа 2 | нагледни средства – постери,скелети, мускулатура, |

6.2б - Подрачно училиште Стамер

| Наставен предмет (одделенска и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| Опрема која се користи по сите предмети во одделенска настава | катедри 3, столови за наставни 3, клупи за ученици 10, столови за уеници 33, магнетна табла 2, табли 3 | нови нагледни средства по сите предмети од одделенска настава , нови комјутери за учениците, нови столчиња за учениците |
| Сите предмети во одделенска настава | штафелар 1,, логички плочки 1, триаголници 3, географски карти 9, руско сметало 1, компас 2, лупи 2, шестар 1, вага 1, кавал за свирење 3, тропалки 2, металофон 1,фланелограф 1,лаптоп за ученици 4, касетофон 1,агломер 2,метро 1,кукли и гумени играчки 16,дрвени коцки со букви 2,пластична кукичка 1 | |

6.2в - Подрачно училиште Вирче

| Наставен предмет (одделенска и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| Опрема која се користи по сите предмети во одделенска настава | наставнички столови 5, табла 3, ,училишни клупи 26,столчиња 64,катедра 4,столчиња мали 8 | нови нагледни средства по сите предмети од одделенска настава ,нови комјутери за учениците, нови столчиња за учениците,касетофон, цд плеер, магнети ,компас, |
| Сите предмети во одделенска настава | магнетна табла 1, латоп 6, карта на РМ 1,табла за цртање 1, фланелограф 1, цд плеер 1,касетофон 1 | |

**6.2д - Подрачно училиште Работивиште**

| **Наставен предмет (одделенска и предметна настава)** | **Постоечка опрема и наставни средства** | **Потребна опрема и наставни средства** |
|---|---|---|
| Опрема која се користи во одделенска и предметна настава | столчиња 6,детски компјутери 10,монитори 12<br>тастатури 13,глувчиња 13,клупи 53,табли 11 столови 55 | нови нагледни средства по сите предмети ,нови комјутери за учениците, нови столчиња за учениците |
| Историја и географија | стативи за карти , глобус 1,географски карти 31,пластифицирана карта 1 | |
| Хемија и биологија | пластифицирана анатомија 1,производство на чеил во рамка 1,микроскоп,модел срце 1,модел мозок 1,семенариум1,хербариум 1,модел на дланка 1,збирка стаклен прибор 1,збирка хемикалии 1,работна маса за хемија 1,мензура 3<br>вага 1,прибор по физика 2,маса за епрувти 1 | лакмусова хартија,магнезиумова лента,шпирт,сребро нитрат,филтерна хартија, |
| Физичко и здравствено образование | шах 1,ѓуле 2,маса за пинг понг 1 | |
| Музичко образование | хармониум 1 | |

### 6. 2 - * Податоци за училишната библиотека

***Увид во библиотечната евиденција**

| Реден број | Библиотечен фонд | Количество |
|---|---|---|
| **1.Централно училиште Делчево** | **Лектири од 2 до 9 одделение** | **1230** |
| | **Македонска книжевност** | **80** |
| | **„Нобеловци"** | **150** |
| | **Историска и стручна литература** | **3573** |
| | **„Ѕвезди на светската книжевност"** | **295** |
| | **Стручна литература** | **74** |
| | **Енциклопедија на планетата земја** | **1** |
| | **Македонски слави** | **1** |
| | **Македонски цркви и манастири** | **1** |
| | **Енциклопедија „Океани"** | **1** |
| | **Македонска енциклопедија за деца** | **1** |
| **2.Подрачно училиште Град** | | **1805** |
| **3.Подрачно училиште Трaботивиште** | | **3118** |
| **4.Подрачно училиште Разловци** | | **2325** |

**Интервју со библиотекар –** Училишната библиотека при ООу,,Св.Климент Охридски ,, - Делчево располага со голем број на книги од сите жанрови,стручна литература за наставници,списанија и енциклопедии.

Библиотеката работи во една смена и е достапна за сите ученици во текот на работниот ден додека трае наставата во училиштето и учениците во секое време имаат пристап до книгите што ги нуди училипната библиотека.

### 6.2 - Потрошни материјали

Училиштето планира и навремено обезбедува потрошни материјали во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности ,согласно со планот на училиштето.

Актуелна и посакувана состојба



Актуелна состојба



Актуална и посакувана состојба



Актуелна состојба






Актуална и посакувана состојба



### 6.3 Обезбедување на потребниот наставнички кадар

| Број на вработени и соодветност на наставничкиот кадар -администрација | |
|---|---|
| *Интервју со директорот, педагошко-психолошката служба, администрација<br><br>*Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2019/2020г<br><br>*Правилник за систематизација<br><br>*Досие на вработените | Воспитно - образовната дејност во училиштето ја остварува соодветниот воспитно – образоваен кадар кој со својата работа,стручна способност, искуство, внесување на нови методи,стратегии и техники на работа во наставата придонесува за поголема успешност во остварување на дејноста.<br>Наставниот кадар е во согласност со нормативите.Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно – образовниот процес, вклучувајки и кадар за работа со деца со посебни образовни потреби.<br>Наставничкиот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и вonнаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина.<br><br>Работата на наставничкиот кадар соодветно е поддржана од страна на административно техничкиот персонал. Во училиштето се води евиденција за присутноста на наставниот кадар од страна на директорот и стручните служби.<br><br>Училиштето има процедура за реализација на приправничкиот стаж. |

**Ефективност и распоредување на кадарот – директор**

| | |
|---|---|
| *Интервју со директорот, педагошко-психолошката служба, администрација | Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активи и придо несуваатза ефективно работење на училиштето.<br><br>При ангажирање на наставничкиот кадар се земаат предвид соодветната квалификација согласно нормативот, |

| | |
|---|---|
| *Програма за работа на стручната служба | -во текот на целата учебна година, за што се води писмена евиденција<br>Училиштето со ангажирање на дефектолог обезбедува поддршка на наставн ничкиот кадар за работа со деца со посебни<br>образовни потреби<br>–Дефектологот, ППС и дел од наставниците го сочинуваат Тимот за инклузија |

**6.4 Следење на развојните потреби на наставничкиот кадар**

**Професионален и кариерен развој на наставниците**

| | |
|---|---|
| *Интерни акти<br><br>*Разговори со стручната служба,наставниците и со директорот | Во рамките на Планот за развој на училиштето и Годишната програма на директорот и стручната служба училиштето предвидува подршка за професионален развој на секој наставник со тоа што овозможуваучество на семинари, работил ници, обуки и слично.<br><br>Училиштето има програма за обезбедување на професионалниот развој базирана на детекти раните потреби на наставниците (вклучувајќи и менторство).<br><br>Училиштето има добра пракса за дисеминирање на знаењето, јакнење на вештините и способнос тите на кадарот. Организира и учествува во интерни и екстерни обуки, вклучувајќи и обуки за деца со посебни образовни потреби,мултикултура итн.<br><br>Во училиштето постои Тим за професионален развој кој покрајдиректорот и стручната служба активно работи во сферата на професионалното усовршување на персоналот.Тимот за професи онален развој повремено се состанува и ги разгледува потребите за професионален развој,<br>можностите на вработените за усовршување, потребите и можностите за сертификација. Професионалниотразвој на наставниците, струч |

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

| | |
|---|---|
| - Финансиски план, развоен план/ програма и годишната програма за работа;<br><br>-Записници од разговори со директорот/ наставниците, УО;<br><br>- Записници и одлуките на УО;<br><br>- Записници од разговори те со Советот на родители и ученичката заедница;<br><br>-Склучени договори, тендери за јавни набавки;<br><br>-Програма на ученичката заедница;<br><br>- Финансиски извештај | Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се законски,во согласност со законските норми.Раководниот кадар(Директорот на училиштето) ги знае механизимите што може да се искористат за дополнително финансирање.<br><br>Набавките во училиштето се извршуваат според Правилникот за мали набавки и Законот за јавни набавки до 1000евра кој се спроведува со најмалку три понуди на економски оператори.Сите набавки ги спроведува комисијата која е формирана од Директорот и тоа во состав од три члена: претседател и двајца членови.За секоја набавка Директорот назначува нова комисија.За поголеми работи или услуги над 1000евра,се објавува тендер пропишан со Законот за јавни набавки.<br><br>Сметките кои ги користи училиштето се буџетска сметка и сопствена сметка.<br><br>Финансиските активности и финансиската состојба на училиштето е во рамките на законските прописи и буџетското работење. Буџетот на училиштето е презентиран пред Училишниот одбор како и во вид на годишен извештај односно годишна пресметка. Училишниот одбор постојано ги следи финансиските активности и финансиската состојба на училиштето.Сите средства што пристигнуваат на сопствената сметка на училиштето рационално и наменски се трошат,со цел да се обезбеди ефикасност и економичност во распоредувањето на финансиите.Секогаш приоритет се неопходните потреби и подобрувањата на квалитетот на наставата како на пример:купување наставни средства и помагала со кои учениците ќе имаат поквалитетно образование. Исто така средствата ке бидат искористени за креативни цели што се наменети за подобрување на квалитетот на наставата и учењето во училиштето. |

# ПОДРАЧЈЕ БРОЈ 7: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ УЧИЛИШНА ПОЛИТИКА

Самоевалуацијата на оваа подрачје треба да опфати поголем број од главните прашања кои се поврзани со управувањето, раководењето и креирањето на училишната политика.

Овде не се потпираме само на пишани документи туку обезбедените податоци кои се собрани од оваа област вклучуваат колку што е можно и пишувани коментари, анкетни прашалници, набљудувања и визуелни докази.

**Подрачје во рамките на управување, раководење и креирање училишна политика**

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 7.1 | Управување и раководење со училиштето | • Училишен одбор ,.<br>• Раководен орган |
| 7.2 | Цели и креирање на училишна политика | • Јасност и соодветност на целите<br>• Процедури за креирање на училишната политика |
| 7.3 | Развојно планирање | • Цели на развојното планирање<br>• Стручно усовршување на наставниот кадар<br>• Материјално–технички средства<br>• Внатрешна инфраструктура на училиштето |

| | |
|---|---|
| **7.1 Управување и раководење со училиштето** | поддршка на потенцијално надарените ученици и на децата од ранливите групи. Директорот објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа. Тоа го врши преку редовно следење на работата, посета и набљудување на часови и извештаи од реализирани активности. Добрата пракса што постои во училиштето ја промовира преку секојдневна комуникација со вработените, состаноци на Стручни активи и споделување добри воспитно-образовни практики преку социјални медиуми. Информирањето на останатите структури во училиштето го врши преку директна комуникација со вработените, преку соопштенија на огласна табла, фејсбук страна, електронска пошта (е mail), телефонски разговори и состаноци на стручните органи.<br>Директорот има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, кој се заснова на знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето. Директорот добро ја врши раководната функција, има определби кон покачување на стандардите, професионално усовршување на наставниците и развој на учениците. Тоа го врши преку споделување на искуства, следење на обуки организирани од МОН, БРО и други акредитирани институции. Директорот ги идентификува добрите и слабите страни во подрачјата на делување на училиштето и благовремено предлага акциски планови за подобрување во одредени подрачја или нивни сегменти. Директорот иницира и воспоставува продуктивна соработка со непосредната и пошироката заедница. |
| **7.2Цели и креирање на образовна политика** | Целите на училиштето се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите, а истите се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Тие се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, професионално усовршување на наставниот кадар, унапредување на училишната клима и подобрување на постигањата на сите ученици. Во нашето училиште се креира политика врз основа на доброто раководство во училиштето вклучувајќи ја ефикасноста и одговорноста на истата. Од големо значење во креирање на училишната политика е раководството на Училишниот одбор, работата на директорот, стручната служба и наставниците. Училишната политика во нашето училиште се креира врз основа на делегирање на одговорностите и комуникацијата при донесување одлуки и нивно пренесување. Делегирање на одговорностите се остварува на: Наставничките совети, Одделенските совети, состаноците на Училишниот одбор, Советот на родители и ученичките заедници. Информирањето за училишната политика се остварува преку состаноците на Наставнички совет, Одделенски совет, Совет на родители, ученички заедници, преку соопштенија, тетратки, информативни катчиња, сандачиња, огласна табла и друго. Во Годишната програма за работа на училиштето сосема јасно се дефинирани и програмирани образовните политики на училиштето во сите подрачја и во неа е содржано интегрирањето на еколошката едукација во образовниот систем. Исто така, во нашето училиште се организира активна и интерактивна настава. Се организира и реализира додатна настава. Се организираат и семинари за едукација на наставниците за запознавање на наставниците со дијагнозата и реакциите на децата со посебни образовни потреби и оспособување на наставниците за |

| | |
|---|---|
| | заедница во однос на подобрување на инфраструктурата. |
| **Извори на користени податоци** | **Подрачје : Управување, раководење и креирање на училишна политика** |
| | - Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето; - Деловник за работа на Училишниот одбор;<br>- Статут на училиштето;<br>- Записници, одлуки и извештаи од работата на Училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни);<br>- Годишна програма за работа на директорот;<br>- Дневник на директорот за водење на евиденција;<br>- Извештај за работата на директорот.<br>- Записници од Стручни органи на училиштето<br>- Самоевалуација;<br>- Наставнички совет,<br>- Одделенски совети и Совет на родители;<br>- Записници од органите и телата;<br>- Анкети со - Наставници, ученици, родители<br>- Пописни листи;<br>- Финансиски план на училиштето;<br>- Апликации на училиштето за обезбедување на средства од локалната самоуправа, заедница, донатори и сл. |
| | |

| |
|---|
| **Клучни јаки страни:** - Доследно спроведување на Законот за основно образование и негова примена во училиштето во сите области и сфери;<br>-Добра соработка помеѓу директорот на училиштето и Училишниот одбор; -Континуирана соработка на директорот со Советот на родители;<br>-Постои конструктивна професионална соработка на раководниот орган со стручните соработници, Наставничкиот совет, Стручните активи и административно – техничкиот персонал;<br>-Вклученост на училиштето во проекти од различни области;<br>-Успешна реализација на приоритетите планирани во последната Програма за развој на училиштето. |
| **Слабости:** -Недостаток од финансиски средства за набавка на потрошни материјали и наставно – нагледни средства и други технички помагала;<br>-Недостаток на обуки и семинари за наставниците од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието наменети за унапредување на наставниот процес согласно современите трендови во образованието.<br>-Училиштето да изнајде едноставни решенија за организација на користење на спортските терени во училишниот двор за наставата по ФЗО |
| **Идни активности:** - Приоритети од ова подрачје кои можат да бидат вклучени во Програмата за развој на училиштето: -Во наредните години етапно да се зголемуваат финансиските средства наменети екстерни обуки на наставниците, за набавка на потрошни материјали, училишни материјали и наставно – образовни помагала;-Аплицирање во проекти што обезбедуваат обуки на наставниот кадар и материјално – техничка помош за училиштето;<br>-Поинтензивна соработка со локалната средина и пошироката заедница. |

**АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗВРШЕНО АНКЕТИРАЊЕ НА УЧЕНИЦИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА „САМОЕВАЛУАЦИЈА, 2020-2021"**

Преку анкетен прашалник, беа анкетирани 12 ученици и добиени се следните резултати:

1) 66,6% од учениците ги знаат своите права и ги практикуват , почитувајќи ги правата и на другите, 25% делумно се согласуваат , а 8,4% дека не е така

2) 66,7% од анкетираните ученици се согласуваат дека е така дека целите на училиштето се јасно фокусирани кон подобрување на постигањата на учениците согласно новата ситуација, додека 33, 3% делумно се согласуваат

3) 66, 6 % од учениците се согласуваат дека наставниците подеднакво ги стимулираат учениците независно од полот и различните стилови на учење, 25% делумно се согласуваат додека 8,4% не се согласуваат.

4) 50 % од учениците се согласдуваат дека имаат можност да го изразат своето мислење во однос на наставниот процес и се што се случува во училиштето, додека 40% делумно се согласуваат а 10 % воопшто не се согласуваат.

5) 33, 3% од испитаните ученици се согласуваат дека се оценуваат јавно и објективно, 50% делумно , а 16, 7% не се согласуваат

6) 58,4 % се согласуваат дека во училиштето има демократски избрана училишна заедница, која учествува во донесувањето на правила и одлуки што се однесуваат на животот на учениците во училиштето 25% делумно е така 16,6 дека малку е така.

7) 42 % од учениците се согласуваат во целост дека училиштето ги потикнува и подржува учениците да спроведуваат активности со кои ќе допринесат и помогнат во заедницата 58% дека е многу така.

8) 58,7 % од учениците се согласуваат дека училишната зграда , дворот се безбедни, чисти и уредени, 25% делумно се согласуваат додека воопшто не се согласуваат 16,3%.

9) 41 % од учениците се согласуваат дека онлајн наставата е вистинскиот начин како треба да се справуваме со новонастанатата ситуација со пандемијата 33% делумно а 26% не се согласуваат.

10) 66,6 % од учениците се согласуваат дека се соочуваат со проблеми поврзани со менаџирање на сопственото време како резултат на онлајн наставата 33,4% делумно се согласуваат.

**Резултати од анкетни прашалници за Самоевалуација**

**11 НАСТАВНИКА**Актуелна состојба

| Прашање | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | | 3 | 8 |
| 2 | | | 2 | 9 |
| 3 | | | 3 | 8 |
| 4 | | | 1 | 10 |
| 5 | | | 4 | 7 |
| 6 | | | 4 | 7 |
| 7 | | | 2 | 9 |
| 8 | | | 5 | 6 |
| 9 | | | 4 | 7 |
| 10 | | | 2 | 9 |
| Вкупно | | | | |

Посакувана состојба

| Прашање | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | | 1 | 10 |
| 2 | | | 3 | 8 |
| 3 | | | 2 | 9 |
| 4 | | | 1 | 10 |
| 5 | | | 2 | 9 |
| 6 | | | 2 | 9 |
| 7 | | | 2 | 9 |
| 8 | | | 3 | 8 |
| 9 | | | 3 | 8 |
| 10 | | | 1 | 10 |
| Вкупно | | | | |

**12 РОДИТЕЛА**Актуелна состојба

| Прашање | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | 3 | 4 | 5 |
| 2 | | 2 | 5 | 5 |
| 3 | | 4 | 5 | 3 |
| 4 | | 2 | 2 | 8 |
| 5 | 1 | 1 | 4 | 6 |
| 6 | 1 | 3 | 6 | 2 |
| 7 | | 4 | 5 | 3 |
| 8 | | 2 | 8 | 2 |
| 9 | 1 | 3 | 5 | 3 |
| 10 | 2 | 2 | 6 | 2 |
| Вкупно | | | | |

Посакувана состојба

| Прашање | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | | 2 | 10 |
| 2 | | | 2 | 10 |
| 3 | | | 3 | 9 |
| 4 | | 1 | 1 | 10 |
| 5 | | 3 | 4 | 5 |
| 6 | | 1 | 2 | 9 |
| 7 | | 1 | 4 | 7 |
| 8 | 1 | | 3 | 8 |
| 9 | | 1 | 3 | 8 |
| 10 | 1 | | 3 | 8 |
| Вкупно | | | | |

**12 УЧЕНИКА** Актуелна состојба

| Прашање | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | 1 | 3 | 8 |
| 2 | | | 4 | 8 |
| 3 | | 1 | 3 | 8 |
| 4 | | 1 | 5 | 6 |
| 5 | | 2 | 6 | 4 |
| 6 | | 2 | 3 | 7 |
| 7 | | | 7 | 5 |
| 8 | | 3 | 2 | 7 |
| 9 | 1 | 2 | 4 | 5 |
| 10 | | | 4 | 8 |
| Вкупно | | | | |

Посакувана состојба

| Прашање | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | | 2 | 10 |
| 2 | | | 2 | 10 |
| 3 | | | 3 | 9 |
| 4 | | 1 | 2 | 9 |
| 5 | | 1 | 3 | 8 |
| 6 | | 1 | 1 | 10 |
| 7 | | | 2 | 10 |
| 8 | | 1 | 2 | 9 |
| 9 | | 1 | 3 | 8 |
| 10 | 1 | | 1 | 10 |
| Вкупно | | | | |